Кошаркарска Федерација
на Северна Македонија
Бр. 03-265/2
Дата 04.06.2020 година

**ДО**
**Друштво за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ МЗТ СКОПЈЕ АД Скопје**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за поврат на средства 02.06.2020 година**

На 02.06.2020 година од страна на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ МЗТ СКОПЈЕ АД Скопје до Кошаркарската Федерација на Северна Македонија доставено е Барање за поврат на средства, со кое се бара враќање на вкупен износ од 1.058.420,оо денари, кој износ е уплатен по разни основи за учеството на клубот во лигите и натпреварувањата организирани од страна КФСМ за натпреварувачката 2019/2020. Исто така, во барањето е наведено дека со донесената Одлука од 14.05.2020 година на КФСМ за поништување на натпреварувачката сезона 2019/20 од прва лига мажи, отпаднал основот за приемот на уплатените парични средства, поради што се бара во рок од 3 дена КФСМ да изврши целосен поврат на сите уплатени средства од страна на КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје. Покрај ова, со барањето е упатена закана дека доколку бараниот износ не биде вратен од КФСМ во рок од 3 дена, од страна на КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје ќе биде поднесена кривична пријава против овлстеното лице на КФСМ, Перо Антиќ, а за сторено кривично дело „Измама" по член 247 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување" по член 353 од КЗ.

**Во одговор на ваквото барање ве известуваме дека истото е неосновано во целост.**

Имено, барањето е целосно конфузно и нејасно е по кој основ се бара враќање на уплатените парични средства, дали затоа што отпаднал основот за уплата на истите, дали затоа што е сторена некаква измама од некого или затоа што била злоупотребена службената положба?!?!?

**Во услови кога самиот барател не знае точно што бара и во барањето наведува работи кои што меѓусебно немаат никаква врска, зборува за тоа дека ова барање е целосно паушално, неосновано и служи за сосема други цели, а не за еветулано регулирање на било какви правни односи помеѓу субјектите.**

Иако многу пати до сега беше јавно соопштено, уште еднаш ве известуваме дека Управниот одбор на КФСМ, како колективен орган на федерацијата, донесе Одлука натпреварувачката сезона 2019/20 од Прва лига мажи да не се доигра, за натпреварувачката сезона 2019/20 од Прва лига мажи да не се прогласи шампион, од Прва лига мажи од сезона 2019/20 да нема испаѓање во понизок ранг за сезона 2020/21 и две екипи од Втора лига мажи да се промовираат во Прва лига мажи за натпреварувачка сезона 2020/21.

Ваквата одлука на Управниот одбор на КФСМ никако не значи дека сезоната е „поништена", бидејќи врз основа на постигнатиот ранг во сезоната 2019/2020 до прекинување на истата, клубовите ќе можат да конкурираат за добивање на ваучери од Агенцијата за млади и спорт за 2021 година.

Во оваа смисла, доколку дадете изјава дека се откажувате од постигнатиот ранг во сезоната 2019/2020 до прекинување на истата, како и дека се откажувате од правото да користите ваучер од Агенцијата за млади и спорт за 2021 година врз основа на тој ранг, во тој случај вашето барање ќе биде сватено сериозно.

Ова од причина што не е во ред да ги истакнувате само наводно претпрените штети од одлуката натпреварувачката сезона 2019/20 од Прва лига мажи да не се доигра и да не се прогласи шампион, а од друга страна да продолжите да ги користите бенефициите кои што ви припаѓаат од учеството во сезоната 2019/2020 до прекинување на истата.

Исто така, ред е да се напомене дека освен уплати, КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје постојано има и долгови кон КФСМ, а постоењето на долгови и на почетокот на сезоната 2019/2020 го доведоа во знак прашање дури неговото учество во истата, бидејќи согласно актите на федерацијата клуб кој што ги нема подмирено своите обврски пред почетокот на сезоната, истиот треба да биде исклучен од понатамошно натпреварување, па апсурдно е сега од ваша страна да се истакнуваат вакви бесмислени барања.

Уште еднаш ви укажуваме дека одлуката за натпреварувачката сезона 2019/20 од Прва лига мажи да не се доигра и за натпреварувачката сезона 2019/20 од Прва лига мажи да не се прогласи шампион е крајно правилна и разумна во услови кога поради актуелната состојба со пандемијата на коравирусот во земјата и во светот, како и согласно Одлуката за мерки за спречување и ширење на Коронавирус COVID-19 од 12.03.2020 година на Владата на Република Северна Македонија, доигрувањето на првенството е невозможно.

Дека е ова така, го потврдува и фактот што голем број на национални кошаркарски федерации донесоа исти вакви одлуки, вклучително и ФИБА. Навистина разочарува немањето сенс за состојбите и однесувањето на КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје во изминатиот период, а како еден од најстарите и најтрофејните клубови во Македонија, што директно, пак, влијае на состојбите и предизвикува оргромна штета на кошарката во државата.

**Во секој случај, Кошаркарската Федерација на Северна Македонија и нејзниот претседател Перо Антиќ не можат никого да го спречат да покрене било какви постапки против било кого, но ред е да се напомене дека лажното пријавување на кривично дело е исто така претставува кривично дело „Лажно пријавување на кривично дело“ по член 366 од КЗ, за кое се гони по службена должност и е пропишана казна затвор од 3 месеци до 3 години.**

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Претседател на КФСМ
Перо Антиќ


St. Makedonija 11-A, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk
МКФ канцеларија/ MKF office